Бр./Nr 12-258/3
17-06-2024 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-2938/1 од 15.06.2023 година, оформен по пријава со наводи за несовесно работење и евентуална злоупотреба на службената положба на јавни обвинители, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што за случајот постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2938/1 од 15.06.2023 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 15.06.2023 година поднесена е пријава со наводи за несовесно работење и злоупотреба на службената должност од страна на ----------- ----------- --------- ----------------- Јавен обвинител во Јавното Обвинителство ---------- поради донесено Решение ------------- од 22.03.2021 година и ------------ ---------------- Јавен обвинител во Основното Јавно Обвинителство ------------- поради донесено Решение ------------- од 28.04.2023 година.

Од увид во пријавата констатирано е декан подносителот во 2019 година поднел кривична пријава до Основното јавно обвинителство ---------- против ----------------------------------------, управител на ДУТУ ------------------- дооел ------------ ------------ --------------- основач-сопственик на ДУТУ ------------------- дооел ------------, ------------- ------------------ времен стечаен управник на ДУТУ ------------------- дооел ------------, ------- --------------- стечаен судија во Основниот Суд ----------- и ------------- ---------------- извршител од ---------- за кривично дело

Злоупотреба на службена положба и овластувања од член 353 став 4 вв со став 1 од Кривичен Законик. Наведената кривична пријава била отфрлена со Решение ------------------ од страна на ОЈО -------------- на 22.03.2021 година. Подносителот на пријавата против наведеното Решение доставил жалба на 05.04.2021 која е уважена од Вишото јавно обвинителство ----------------- со Решение -------------- од 26.05.2021 и предметот е вратен со конкретни напатствија за постапување по истиот на ОЈО ------------. ОЈО ------------- со Решение ----------------- од 28.04.2023 повторно ја отфрлил кривичната пријава а по наведеното Решение пријавителот повторно поднел жалба на 22.05.2023 година.

Со цел утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, ДКСК пријавата со прилог документацијата ја достави на надлежно постапување до Вишото јавно обвинителство во --------------------, со барање ова обвинителство да постапи согласно своите законски надлежности и да изврши надзор врз работата и решението ------------- од 28.04.2023 година донесено од ОЈО ----------------. Воедно, побарано е да ја известат Комисијата во рок од 60 дена согласно член 29 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси за преземените дејствија, а ДКСК на 16.01.2021 година испрати и Ургенција по наведоното барање за доставување на информации и податоци.

На 13.03.2024 година добиено е Известување со бр.----------- од Вишото јавно обвинителство---------------, со кое ДКСК се информира дека бил извршен увид во списите по предметот ------------------- на ОЈО ------------- при што било утврдено дека предметните јавни обвинители постапувале совесно, ажурно и законито, преземајќи континуирано дејствија со цел да се утврди правилната состојба на работите. При тоа во Известувањето се напоменува дека обвинителите донеле Решение --------------- од 28.04.2023 година, на истото била поднесена жалба од страна на оштетените, која со решение на Вишото јавно обвинителство ---------------------- од 12.06.2023 година не е уважена и решението на Јавното обвинителство --------------- е потврдено.

Имајќи го предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека за случајот постапил друг надлежен орган по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување во предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: Б.Ц, член на ДКСК

Доставено до: подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk